Бр. ___________

___________ год

Влада на Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**

III Македонска бригада 6б
Зграда на Македонија Табак
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3112 210
Факс: (02) 3112 265
Сајт: www.veterina.gov.mk

**До:** **Институт за јавно здравје**

**Предмет:** **Одржување обуки согласно проектот "Градење на капацитетите на ветеринарната служба за имплементација на Acquis на Европската Унија во Република Македонија"**

Почитувани,

Агенцијата за храна и ветеринарство во рамките на проектот "Градење на капацитетите на ветеринарната служба за имплементација на Acquis на Европската Унија во Република Македонија" финансиран од Инструментот за претпристапна помош (IPA), програмата за 2008 година, спроведува активности за унапредување на контролата на Беснило кај дивите животни.

Со оглед на тоа што за успешна контрола на болеста неопходна е интерсекторска соработка помеѓу институциите одговорни за здравствена заштита на луѓето и животните, беше формиран и Национален комитет за контрола на Беснилото составен од претставници од сите релевантни институции, каде беше потврдена потребата за спроведување на тренинг сесии за професионалните лица одговорни за здравјето на луѓето односно матичните доктори во Република Македонија, епидемиолозите од Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици и специјалисти инфектолози од инфективните одделенија при општите и клиничките болници во РМ.

Обуката ќе ја изведат домашни и странски експерти ангажирани од горе наведениот проект.

Предлагаме учеството на овие обуки за здравствените работници да биде бодувано согласно критериумите на МЛД.

Ве молиме да ги известите здравствените работници за одржувањето на оваа обука согласно предвидениот распоред изработен во координација со претставници од Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје-Скопје кој Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

Со почит,

**Директор,**
**Дејан Рунтевски**